# Вопоставување на мултидисциплинарен Комитет за контрола и превенција на инфекциите како клучен фактор за рационализација на употребата на антибиотици во Клиничката болница Аџибадем Систина-Скопје

ACIBADEM | SISTINA

Антибиотиците се индицирани за употреба при превенција и третман на бактериски инфекции. Антибиотската резистенција е глобален здравствен проблем, асоциран со хоспиталните инфекции. Мултирезистентните микроорганизми се причина за многу хоспитални инфекции, водечка причина за морбидитет и морталитет.

Со цел да се обезбеди рационализација на потрошувачката на антибиотици и да се спречи појава на хоспитални инфекции, формиран е мултидисциплинарен Комитет за контрола и превенција на интрахоспитални инфекции во Клиничка болница Аџибадем Систина. Овој Комитет е основан со цел да се подобри безбедноста на пациентите и вработените, со спроведување на низа мерки како што се :

- Следење на инфекциите;
- Користење на упатствата за мерките на претпазливост и изолација на пациенти;
- Подготвеност за справување со можна епидемија или на епидемија;
- Креирање на процедури и упатства од обласата на превенција и контрола на инфекции;
- Рандомизирани контроли на нежива средина, воздух и друго.
- Следење на потрошувачка на антибиотици на месечно и годишно ниво

Фармацевтот, член на Комитетот за контрола и спречување на инфекции при Клиничка болница Аџибадем Систина, подготвува месечни и годишни извештаи за потрошувачката на сите антибиотици, вклучително и контролирани антибиотици.

Потрошувачката на антибиотици на месечна и годишна основа се пресметува преку  дефинирани дневни дози (ДДД-Дефинирани дневни дози) на 1.000 болнички денови.

Резултатите се анализираат од страна на членовите на Комитетот за контрола и превенција на инфекции и се превземаат соодветни мерки (на пр.едукација на лекари што препишуваат антибиотици; употреба на цефалоспорини од прва генерација за антимикробна профилакса и сл.).

Целта е да се третираат пациентите со вистински антибиотик за да се избегне појава на антимикробна резистентност.


Consumption of controlled antibiotics
1.200,00
1.000,00
800,00
600,00
400,00
200,00
0,00
2015
2016
2017
2018
Imipenem
Vancomycin
Piperacillin - Tazobactam
Linezolide
Meropenem
Piperacillin - Tazobactam
Meropenem
Imipenem
Vancomycin
Linezolide

Комитетот за контрола и превенција на инфекции при Клиничката болница Аџибадем Систина во соработка со Комитетот за управување со лекови презема иницијатива за промена на антибиотикот што се користи за хируршка профилакса.

Во Клиничката болница Аџибадем Систина, антибиотик за хируршка профилакса како прв лек по избор беше антибиотик од третата генерација цефалоспорини -цефтриаксон. Во 2017 година како антибиотик за хируршка профилакса се користи цефалоспорин антибиотик од прва генерација-цефазолин.




Оваа мерка резултираше со намалување на потрошувачката на цефтриаксон за профилакса и намалување на болничките трошоци.

Презентираните резултати укажуваат на тоа дека во Клиничката болница Аџибадем Систина употребата на антибиотици се следи на месечно и годишно ниво и е во контролирани граници.

За секое отстапување (зголемување) на потрошувачката на антибиотиците, Комитетот за контрола и превенција на инфекции прави анализа на оправданоста на ова отстапување и спроведува соодветни мерки.

Ви благодарам на вниманието